// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток 14 Октомври 2021 година Број 15/2021 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|

Согласно член 50 став 16 од Законот за локална самоуправа и член 56 од Деловникот за работа свикувам вонредна седница на Советот на општина Радовиш поради следното

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Се свикува вонредна 63-та седница на Советот на општина Радовиш која ќе се одржи на 13.10.2021 година поради донесување на Одлука за определување на ден на жалост во општина Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева

Врз основа на член 50 став 16 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 24, 25 и 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлука за прогласување вонредна 63-та седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување вонредна 63-та седница на Советот на општина Радовиш, број 08 - 1297/2, што советот на општина Радовиш ја донесе на вонредна седница одржана на ден 13.10.2021 год.

Бр. 09-1297/3
13 Октомври 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002) и член 56 од Деловникот за работа Советот на општина Радовиш на вонредна седница одржана на 13.10.2021 год, донесе

О Д Л У К А
За прогласување вонредна 63-та седница
на Советот на општина Радовиш

Член 1

Се прифаќа вонредноста на 63-та седница за свикување на вонредна седница на Советот на општина Радовиш.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1297/2
13 Октомври 2021 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 16 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 24, 25 и 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за определување на ден
на жалост во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за определување на ден на жалост во општина Радовиш, број 08 -1300/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на вонредна седница одржана на ден 13.10.2021 год.

Бр. 09-1300/2
14 Октомври 2021 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002) и член 56 од Деловникот за работа Советот на општина Радовиш на вонредна седница одржана на 13.10.2021 год, донесе

## О Д Л У К А
### За определување на ден на жалост во општина Радовиш

Член 1

Советот на општина Радовиш, поради загинување на двајца жители нод Радовиш, денот 14.10.2021 год. се прогласува за ден на жалост на општина Радовиш.

Член 2

Денот на жалост се прогласува по повод трагичната смрт на млади личности од Радовиш, предизвикана од трагичен настан која се случи во Радовиш на ден 13.10.2021 год.

Член 3

Во деновите на жалоста знамето на општина радовиш да се истакне на половина копје, пред јавните објекти во општината а објектите за угостителска дејност на подрачјето на општина Радовиш да се воздржат од пуштање гласна музика.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1300/2
14 Октомври 2021 г.
Радовиш

Совет на општина
Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ------------------------------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за прогласување вонредна 63-та седница на Советот на општина Радовиш --- 1
ОДЛУКА За прогласување вонредна 63-та седница на Советот на општина Радовиш --- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за определување на ден на жалост во општина Радовиш ------------------- 1
ОДЛУКА За определување на ден на жалост во општина Радовиш ---------------------------- 2